**20251573402**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 јули 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/25, 88/25, 109/25 и 133/25), во членот 2 став (2) во табелата, во подмерката 1.7. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“, во алинејата 3 по зборовите „31 јануари 2025 година“, се додаваат зборовите „како и до 30 јуни 2025 година“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7208/4
29 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.